Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 68 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „„Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за методологијата за управување со ризиците (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 69/20)**

1. Во Одлуката за методологијата за управување со ризиците („Службен весник на Република Северна Македонија бр.113/19), во точката 48 по ставот 2 се додава нов став 3 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 1 од оваа точка, банката е должна да ја извести Народната банка за резултатите од ПИЛ и да го достави Извештајот за ПИЛ за 2020 година заедно со податоците од ставот 2 од оваа точка коишто се однесуваат на ПИЛ, најдоцна до 30 септември 2020 годината."

2. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**О. бр. 02-15/III-2/2020**
**18 март 2020 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**